Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XV БРОЈ 72 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 АПРИЛ/МАЈ 2026 ГОДИНА


Во овој број


**Страница 2**

ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ОД ОБЈАВУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“

**Страница 3**

ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ЃУРЃАЈ ПРОФУНКЦИОНИРА ПРВИОТ НАЦИОНАЛЕН ОНЛАЈН МЕДИУМ MI-NORITETE.AL (МАЛЦИНСТВА.АЛ)

СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАНИ ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“ ВО ТИРАНА

**Страница 6**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕ “ВАРДАР-МКД“ ОД ПОДГОРИЦА, ЦРНА ГОРА

ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ПАНИКА КАЈ БУГАРИТЕ

**Страница 8**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА МУ ГО ЧЕСТИТА ИЗБОРОТ НА ФЕРИТ ХОЏА ЗА ШЕФ НА ДИПЛОМАТИЈАТА И ОЧЕКУВА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА НЕГОДУВА НА ЗАТВОРАЊЕТО НА МАТИЧНАТА КАНЦЕЛАРИА ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА ЕДИНИЦА ОСТРЕНИ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

**Страница 9**

ДОНАЦИЈАТА НА “МАТИЦА МАКЕДОНСКА” РЕАЛИЗИРАНА ПРЕКУ МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, ПРЕТСТАВУВА НАЈГОЛЕМ ДАР НА КНИГИ ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

**Страница 10**

ДВЕ ГОДИНИ БЕЗ ФОТЕ НИКОЛА – ГЛАСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА – ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ И БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

**Страница 11**

НОВИНАРКА ДАНИЕЛА ЗИСИ: ПУСТЕЦ, МЕЃУ УНИШТУВАЊЕТО И ЗАКАНИТЕ ОД БЕГАЛСКИТЕ КАМПОВИ



Македонски весник „Илинден“
СЛЕДЕТЕ НÈ


## Петнаесет години од објавувањето на првиот број на македонскиот весник “Илинден“

## Pesëmbëdhjet vjet nga botimi i numrit të parë të gazetës maqedonase “Ilinden”

## Fifteen years since the publication of the first issue of the Macedonian newspaper “Ilinden”




Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë



Македонците во Република Албанија, во 4 – 7 јуни 2026 година во Тирана, Македонско друштво “Илинден“-Тирана, за прв пат во историјата на Република Албанија, ќе биде организатор на семинарот на работната група на словенските малцинства во Европа при Федералната унија на европските националности.

Maqedonasit në Republikën e Shqipërisë, në 4 - 7 qershor 2026 në Tiranë Shoqata Maqedonase “Ilinden”-Tiranë, për herë të parë në historinë e Republikës së Shqipërisë, do të jetë organizatore e seminarit të grupit të punës së pakicave sllave në Evropë pranë Unionit Federal të Kombësive Evropiane.

Macedonians in the Republic of Albania, on June 4 - 7, 2026 in Tirana, the Macedonian Association “Ilinden”-Tirana, for the first time in the history of the Republic of Albania, will be the organizer of the seminar of the working group of Slavic minorities in Europe at the Federal Union of European Nationalities.

## ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ОД ОБЈАВУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“




Пред петнаесет години, на 1 март 2011 година, првиот број на македонскиот весник “Илинден“ беше објавен како двоброј (март/април). Македонскиот весник “Илинден“ е весник на Македонско друштво “Илинден“-Тирана.

Македонскиот весник “Илинден“ има објавено вкупно 71 број, докажувајќи континуитет и посветеност во информирањето на своите читатели и предизвикувајќи голем интерес кај читателите во Албанија, во татковината Македонија, како и сред македонската дијаспора во светот.

Според бројните писма што стигнуваат до Редакцијата, како и комуникацијата преку профилите на весникот на социјалните мрежи со читателите, забележуваме дека во петнаесетгодишниот период весникот прераснал во сериозно гласило, чии вести и теми сè повеќе стигнуваат до читателите.

Македонскиот весник “Илинден“ од март 2017 година, покрај печатената верзија, може да се следи и преку веб-страницата www.vesnik-ilinden.com. На овој начин нашиот весник стана достапен за пошироката јавност ширум светот.

Од септември 2017 година, македонскиот весник “Илинден“ е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски списанија со број ISSN 2522-6282 (онлајн) и ISSN 2522-4514 (печатено).

Од август 2022 година, македонскиот весник “Илинден“ е член на платформата на Алијансата за етички медиуми (АЕМ), каде што членуваат 30 печатени и аудиовизуелни медиуми во Албанија.

Македонскиот весник “Илинден“ е дел од најголемите информативни платформи во Македонија time.mk, grid.mk и vesti.mk

За сите заинтересирани, сите изданија на македонскиот весник “Илинден“ се достапни и во Националната библиотека во Тирана, Библиотеката на Собранието на Албанија, Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Библиотеката на Институтот за старословенска култура – Прилеп, Библиотеката на Академијата на науките и уметностите на Македонија, Библиотеката „Григор Прличев“ – Охрид и Државниот архив на Македонија.

Мисијата на нашиот весник останува да го поттикнува и промовира македонскиот јазик и македонскиот идентитет во Албанија. Остануваме уверени дека нашите активности ќе бидат соодветно поддржани од државните институции на Албанија и на Македонија, како и од Македонците од целиот свет.

Македонскиот весник “Илинден“ дава голем придонес во промоцијата на македонскиот јазик и во покренувањето прашања од интерес за Македонците во Албанија, и постојано работи на заштита и афирмација на етничкиот, јазичниот, културниот идентитет и националните традиции на Македонците во Албанија.

Редакцијата на македонскиот весник "Илинден" изразува благодарност до сите свои соработници. Воедно, Редакцијата изразува благодарност до лојалните читатели за покажаниот интерес за содржините што ги нуди весникот.

Да нѝ се множат јубилеите и во иднина.

**Никола Ѓурѓај,**

**Уредник на македонскиот весник "Илинден"**

## ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ЃУРЃАЈ ПРОФУНКЦИОНИРА ПРВИОТ НАЦИОНАЛЕН ОНЛАЈН МЕДИУМ MINORITETE.AL (МАЛЦИНСТВА.АЛ)



По иницијатива и залагање на претседателот на Македонското друштво „Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај, профункционира платформата minoritete.al, чија цел е да биде заеднички глас, простор каде се говори за животот, културата, идентитетот и правата на националните малцинства во Република Албанија „Со посебно задоволство ја претставувам мојата лична иницијатива minoritete.al, првиот национален онлајн медиум во Република Албанија, посветен исклучиво на националните малцинства. Оваа платформа има за цел да биде ваш заеднички глас, простор каде што се одразуваат животот, културата, идентитетот и правата на националните малцинства во Република Албанија" – објави Ѓурѓај.

Според неговите заложби, медиумот треба да претставува начин да се покаже дека разновидноста на малцинствата во една држава е богатство кое го збогатува нејзиниот опстој. Порталот, воедно, е повик до сите национални малцинства во Република Албанија да дојдат и да ги споделат своите приказни, традиции, предизвици и достигнувања, за заедно да ја направат нивната различност видлива, слушната и почитувана.

## СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАНИ ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН" ВО ТИРАНА




Свечено одбележани петнаесет години од излегувањето на првиот број на македонскиот весник "Илинден" во Тирана. Имено, пред точно петнаесет години, на први март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од македонскиот весник "Илинден" како гласило на Македонското друштво "Илинден"-Тирана.

Во Тирана свечено беше одбележан петнаесетгодишниот јубилеј од излегувањето на првиот број на македонскиот весник "Илинден", на која пригода се обрати главниот и одговорен уредник, Никола Ѓурѓај.

Свеченоста се одржа во хотел и ресторан "Дрери" во Тирана, на настанот присуствуваше, Радмила Стојмировска, вршителка на должност амбасадор на Република Македонија во Тирана, Република Албанија, Атанас Плоча, Заменик градоначалник на Општина Пустец, Васил Стерјовски, претседател на Македонската алијанса за европска интеграција, Верица Мукоска, лекторка по македонски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот во Тирана, адвокат Никола Ангеловски, потпретседател Здружение „ВАРДАР-МКД"-Подгорица, Република Црна Гора, претставници на мисијата на ОБСЕ во Тирана и на здрженија на малцинствата , како и претстаници на Македонско дрштвото "Илинден" и Македонци од Тирана, Корча, Голо Брдо, Преспа, Гора и други гости.

За петнаесетгодишниот јубилеј на македонскиот весник "Илинден" кој излегува во Република Албанија, при што уредникот на весникот г-дин Ѓурѓај им се заблагодарувам на сите свои соработници и сите помагатели.

Посебна благодарност изрази до г-дин Трајче Трајковски од Перт Австралија за помошта свечено да се

одбележат петнаесетте години на македонски весник "Илинден".

Благодарност секако и до верната читателска публика, која со покажаниот интерес кон содржините што ги понуди весникот "Илинден", покажа дека со објавуваните информации навистина ја допре срјжта на проблемите на Македонците во Албанија.

Македонскиот весник "Илинден"денес свчено ја прославува својата петнаесетгодишна работа и постоење, а за неговото значење оставаме повеќе да каже историјата, го заврши своето обраќање уредникот Ѓурѓај.
































## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕ “ВАРДАР-МКД“ ОД ПОДГОРИЦА, ЦРНА ГОРА



Македонско друштво “Илинден“-Тирана преставувано од претседателот г-дин Никола Ѓурѓај, во Тирана потпиша Меморандум за соработка со Здружение „ВАРДАР-МКД“ од Подгорица, Црна Гора, преставувано од потпретседателот Никола Ангеловски, со цел промоција на македонските национални малцинства во Република Албанија и Република Црна Гора на национално и меѓународно ниво.

Двете Здруженија покажаа интерес за градење на партнерство во спроведување на конкретни проектни активности со намера да ги реализираат заедничките цели преку взаемни проекти.

Нивна цел ќе биде да спроведуваат истражувања, креирање, развој и промоција во разни манифестации, како и промовирање и поддршка на научни, културно-уметнички, спортски и хуманитарни активности и манифестации.





## ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ПАНИКА КАЈ БУГАРИТЕ

Бугарската пропаганда во Албанија за асимилирање на Македонците и измислување на т.н. Бугари во областите каде живеат Македонци во Албанија може да успее само доколку сите Македонци се продадат за грст златници подарени од Бугарите.

Македонците живеат и ќе живеат во областите каде со векови живееле во Преспа, Голо Брдо, Гора и Врбник. Но, да почнеме по ред за да видиме како е дојдено до оваа состојба денес, каде бугарската држава неуморно работи за создавање на бугарско малцинство во Албанија.

На 3 март 1878 година, после руско-турската војна во која победила Русија, за потребите од поголема интересна сфера на Русија, од страна на руските владетели била измислена т.н. Сан Стефанска Бугарија во


ФОТО: ИЛИНДЕН ВО ТРЕБИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

која влевувале македонски и албански територии. Тоа значело дека Русија, како ментор и господар на бугарската држава, имала можност да ја прошири својата власт многу подалеку од дотогашната. Ваквата намера на Русија била осуетена од големите европски држави, кои веднаш го свикале Берлинскиот конгрес (13 јуни-13 јули 1878 год.) за ревизија на Сан Стефанскиот договор. После решенијата на Берлинскиот договор интересната сфера на влијание на Русија била сведена на Бугарија, а македонските и албанските територии биле изземени. Со тоа, руското проект, кој никогаш не заживеал, бил ставен вон меѓународна верификација.

И покрај тоа, властите во Бугарија до денес го сонуваат санстефанскиот сон и вложуваат огромни средства за реализирање на руското проект од 19 век.

Историски гледано, бугарската политика се обидела да ја воспостави својата власт врз македонските и албанските територии и во периодот на Првата и Втората светска војна, но секогаш се наоѓала на страната на губитниците на двете војни, па обновувањето на руското проект за Сан Стефанска Бугарија не успеало.

Но, бугарските политички елити не престанаа да живеат во сонот од 19 век дури и во 21 век. Намерата да се реализира руското проект беше воскреснат во 2007 година. Имено, тогаш Бугарија, требаше да се откаже од руските ментори за што беше наградена со влез во Европската Унија, а европските ментори сесрдно почнаа да помагаат во реализацијата на руското проект на Балканот.

Еден од начините за таа цел беше и идејата на бугарските политичари да ги асимилираат Македонците во Албанија и на европските ментори да им ги прикажат како Бугари. За таквата пракса не жалат ниту средства, ниту емисари. Почнаа со „благонадежни“ и лесно податливи Македонци на кои им беа ветувани стипендии за децата за школување во Бугарија, со делење на бугарски пасоши за Македонците кои сакаа да избегаат од сиромаштијата во Албанија, со интензивно финансирање на т.н. фондации кои штедро се расфрлаа со „подароци“ за измислените Бугари во областите каде живеат Македонци.

Ваквите акции имаат само една цел, да се „докаже“ дека во деловите од Албанија населени со Македонци живеат Бугари, а доколку се успее во таа мисија на менторите во Европската Унија да им објаснат дека доколу од исток на Македонија живеа Бугари, од запад на Македонија живеат Бугари, задолжително би било оние во Македонија да бидат Бугари.

За жал на Македонците, кон приказната за „измелезените“ Бугари во Албанија се приклучи и албанската Влада. Под директна закана од Бугарија дека ќе го кочи патот на Албанија кон Европската Унија, во 2017 година во Законот за малцинства албанската Влада, кон останатите малцинства го додаде и непостоечкото бугарско малцинство без ниту еден Бугарин регистриран на ниту еден Попис во Албанија.

Се разбира, ваквите уцени на Бугарија не беа спомнати од Европјаните, а понижувачкиот чин на албанската Влада покажа дека Македонците се само карта за поткусурување. На тој начин, Македонците во Албанија станаа колатерална штета и влезен билет на Албанија во „демократското“ европско семејство и чекор напред за реализирање на руското проект од 19. век.

Откако се создаде поволна почва за асимилирање и понижување на Македонците во Албанија, следен чекор беше континуираното труење на бугарската јавност со „душманите“ на Бугарите во Албанија кои не сакаат да се побугарчат. Воедно, пракса стана да се создадат што поголем круг на фондации и медиуми кои ќе бидат „гласноговорници“ за заштита на измелезените Бугари меѓу нас.

Имајќи предвид дека Македонците во Албанија после енверовиот период јасно и гласно си го штитеа своето етничко потекло, почнаа да се организираат во свои здруженија, а после долга работа за здруженијата беше оформена и првата македонска политичка партија Македонска алијанса за европска интеграција. Воедно, во Албанија почнаа да се печатат бројни книги од Македонци со нивни спомени и истражувања за животот на Македонците во Албанија. Во почетокот на 2027 година го отворивме и порталот minoritete.al во кој треба да се објавуваат најважните активности на малцинствата во Република Албанија.

Фактот што во Албанија никогаш немало Бугари беше пресуден што од 1990 до 2027 година нема формирано ниту едно автохтоно бугарско здружение и нема објавено ниту една книга од Бугарин за животот и осотојбите на Бугарите во Албанија.

И токму тој факт е основната причина зошто бугарските медиуми се целосно насочени кон понижување и негирање на активноста на Македонците во Албанија.

Таков е и случајот со текстот во извесен

портал https://www.actualno.com/balkani/panika-sred-makedonistite-zaradi-bylgarite-v-albanija-syzdadoha-nov-provodnik-na-propaganda-news_2556106.html чиј наслов точно говори за нивната задача. Имено во текстот „Паника меѓу Македонистите поради Бугарите во Албанија: Тие создадоа нов канал за пропаганда“ се вели: „Македонската организација во Албанија Илинден”-Тирана, која е аналогна на непризнаената во Бугарија ОМО „Илинден“ и која се смета за маргинална организација во самата албанска земја – оваа недела создаде нова веб-страница за малцинствата. Веб-страницата се вика minorite.al, што на албански значи „малцинства“. Веб-страницата беше рекламирана на почетокот на неделата од претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај.“

Иако, претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај и самиот изјави дека „Со особено задоволство ви ја претставувам мојата лична иницијатива minoritete.al, првиот национален онлајн медиум во Република Албанија, посветен исклучиво на националните малцинства“, тоа бугарскиот портал го превидува дека порталот е наменет за активностите на малцинствата во Албанија. Фактот што во Албанија нема бугарско малцинство и нема никакви активности тоа вештачки создадено малцинство, веројатно е стравот што порталот ќе нема што да објавува за „новоиспилените“ Бугари.

Воедно, ваквите портали не го кријат својот анимозитет и кон претседателот на македонската партија МАЕИ, м-р Васил Стерјовски, па ја користат секоја прилика наместо да известуваат, да даваат свои квалификации за него. За таа цел, секако, ги користат новосоздадените Бугари во Албанија. Таков е случајот и со Ервис Талури, роден и израснат во Албанија, од татко Албанец и мајка Македонка, по целосно школување, финансирано и организирано од бугарската држава – од средно образование до докторски студии – денес се враќа во Албанија како „експерт“ за бугарско малцинство, со задача да ги негира Македонците, да ја напаѓа македонската партија и да ја релативизира вистината.

И додека европските ментори молчат за силеџиите од Бугарија во Албанија, нека продолжат да го помагаат реализирањето на рускиот проект Сан Стефанска Бугарија. Ние немаме ништо со тоа, само посочуваме дека со отворените закани кон нас нема да нè замолчат и со нивните златници нема да нè купат. Македонците опстоеле и ќе опстојат!

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА МУ ГО ЧЕСТИТА ИЗБОРОТ НА ФЕРИТ ХОЏА ЗА ШЕФ НА ДИПЛОМАТИЈАТА И ОЧЕКУВА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ




Македонското друштво “Илинден”-Тирана му го честита изборот на новиот албански прв дипломат Ферит Хоџа, со очекувања да се заложи за подобрување на правата на Македонците во Албанија.

“Дозволете ми, во име на Македонското друштво „Илинден“-Тирана, во мое лично име, како и во име на македонското национално малцинство во Република Албанија, да ви го честитам изборот на оваа клучна функција и во посакам успех на вашата позиција како министер за Европа и надворешни работи, стои во честитката. Се посочува дека македонското национално малцинство во Република Албанија му изразува целосна поддршка и оти е убедено во неговиот успех.

“Во исто време, веруваме дека под ваше водство ќе помогнете во подобрувањето на правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Ви посакуваме здравје и успех во вашата работа како министер за Европа и надворешни работи на Република Албанија и исполнување на обврските“ - се нагласува во честитката.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА НЕГОДУВА НА ЗАТВОРАЊЕТО НА МАТИЧНАТА КАНЦЕЛАРИА ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА ЕДИНИЦА ОСТРЕНИ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

Македонско друштво “Илинден“-Тирана смета дека затворањето на матичната канцелариа во административната единица Острени, областа Голо Брдо е чин спротивен на интересите на жителите од овој регион.

Преместувањето на матичната служба од административната единица Острени во општина Булќиза ги принудува жителите на областа Голо Брдо да патуваат до градот Булќиза за секоја минимална потреба.




За иљадници жители на оддалечените села во областа Голо Брдо, патувањето до Булќиза не е само процедура, туку физички и економски предизвик. Во тешки временски услови, ова патување станува речиси невозможно.

Добивањето извод или друга основна услуга ќе бара дополнително време и трошоци, што ќе го направи животот во овие области уште понеприфатлив.Со отстранување на администрацијата од луѓето, државата практично го напушта областа Голо Брдо, што го отежнува постоењето на Македонското национално малцинство, поттикнувајќи го заминувањето на семејствата.

Македонското друштво “Илинден”-Тирана бара од Владата и од општина Булќиза, во административната единица Острени, да воспостават матична служба за административните единици Острен и Требиште.

Доколку се има предвид дека областа Голо Брдо е планински регион со посебни географски карактеристики и лоша инфраструктура, јасно е дека оваа одлука е директен удар врз потребите на жителите на Голо Брдо. Македонското друштво “Илинден“-Тирана останува посветено на заштитата на правата на Македонците во Република Албанија и предупредува дека ќе ги искористи сите законски и демократски патишта за да се спречи оваа административна изолација.

**Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Претседател Никола Ѓурѓај**

**Фатри Фетаху,**
**Координатор на Македонско друштво “Илинден”-Тирана за областа Голо Брдо**

## ДОНАЦИЈАТА НА “МАТИЦА МАКЕДОНСКА” РЕАЛИЗИРАНА ПРЕКУ МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, ПРЕТСТАВУВА НАЈГОЛЕМ ДАР НА КНИГИ ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

Со голема донација за Македонците во Албанија се заокружува иницијативата „Подари книга, подари свет“ на „Матица“

Донацијата од „Матица македонска“ е најголемиот и највреден дар од книги на македонски јазик што досега е даден за Македонците во Албанија.

Со голема донација од книги за Македонците во Албанија, денес се заокружува иницијативата „Подари книга, подари свет“ што „Матица македонска“ ја покрена по повод Меѓународниот ден на дарувањето книги, во рамките на чествувањето на 35-годишнината од своето основање.




Клучни книги за македонската историја, студии за македонскиот јазик, избрани дела од дел од најзначајните македонски поети и прозаисти, дела од и за македонската книжевна историја, монографски изданија за македонската култура и антологии се само дел од донацијата на „Матица македонска“ за Македонското друштво „Илинден“ од Тирана.

Друштвото е формирано во 2009 година со цел да се заштити македонското национално малцинство во Република Албанија и е првото друштво на Македонци надвор од матичната држава што е рамноправен член со право на глас во Федералната унија на европските националности (ФУЕН). Донацијата од „Матица македонска“ е најголемиот и највреден дар од книги на македонски јазик што досега е даден за Македонците во Албанија.

Македонско друштво „Илинден“-Тирана упатува искрена благодарност до „Матица македонска“ за вредната донација со македонска литература. Оваа значајна иницијатива претставува силна поддршка и дополнителен поттик за зачувување, негување и афирмација на македонскиот јазик, култура и идентитет меѓу Македонците во Република Албанија. Со вакви дела на солидарност и соработка се зацврстуваат културните врски и се создаваат нови можности за понатамошна поддршка и заеднички активности. Гестот и заложбата на првата издавачка куќа во самостојна Македонија, Македонците од Албанија, вклучително

и младите генерации да имаат можност да читаат и да се едуцираат на македонски јазик од вредни дела, притоа осознавајќи многу за македонскиот идентитет е од суштинско значење за нас и за остварување на нашата цел, истакнува претседателот на Македонското друштво „Илинден“ од Тирана, Никола Ѓурѓај.

Донацијата од „Матица македонска“ содржи изданија што ќе можат да ги опфатат сите предели каде што живее македонското национално малцинство во Албанија и каде што Македонкото друштво „Илинден“ има активности, вклучително и преку органокот во Голо Брдо. Оваа акција на првата издавачка куќа во самостојна Македонија се случува во клучен период на предизвици за македонското национално малцинство во Албанија, а непосредно откако Македонското друштво „Илинден“, на 6 февруари одбележа 17 години постоење.

Инаку, иницијативата „Подари книга, подари свет“ што се заокружува со оваа донација, „Матица македонска“ ја почна со идеја за првпат во Македонија на повиско ниво да се чествува Меѓународниот ден на дарувањето книги, воспоставен заради поттикнување на љубовта кон читањето и овозможување пристап до книги за деца ширум светот. Но со интересот што го предизвика иницијативата кон којашто се приклучија и општествено одговорни компании, јавни личности, институции и огромен број читатели од клубот „Матица“ прерасна во најголема акција и иницијатива за дарување книги во нашата држава, со исклучително масовен интерес.

Во текот на изминатите недели, во рамките на иницијативата „Подари книга, подари свет“, „Матица македонска“ оствари уште неколку значајни донации од книги. Голема донација од книги доби и Друштвото на иселениците од Македонија „Егемакгоч“ во Измир, Турција. Во ова Друштво, покрај иселеници-Турци што иако отселени во 1957 година сè уште со гордост го зборуваат македонскиот јазик, членуваат и нивните потомци – до најмладите генерации родени таму во 21. век, коишто имаат желба да го научат и да зборуваат, читаат и пишуваат на јазикот на земјата од којашто потекнуваат – македонскиот, и љубовта кон него и кон Македонија да се пренесува од генерација на генерација.

Само еден ден откако беше објавено дека во уште едно училиште во Хрватска, во градот Света Недела во близина на Самобор ќе се изучуваат македонскиот јазик и култура, веќе се случи првата донација од Македонија за училиштето. „Матица македонска“ испрати голема донација од книги во Хрватска, за учениците што ќе го учат предметот Македонски јазик и култура во Света Недела.

На Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, заедно со „Алкалоид“, „Матица македонска’ донираше капитални дела за македонистиката на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана – првиот македонистички центар на универзитет надвор од Македонија. Во пресрет на јубилејот 65 години од отворањето на првиот лекторат по македонски јазик во светот, оваа донација е и првата поддршка во ваков формат упатена од Македонија до љубљанската македонистичка Катедра по овој повод.

Месецот на дарувањето во рамките на иницијативата „Подари книга, подари свет“ заврши, но донациите коишто „Матица македонска“ ги остварува постојано во рамките на својата мисија за афирмација на македонската книжевност ќе ги има и натаму.

„Матица македонска“ продолжува со бројни активности во знакот на 35-годишината од основањето, со многу нови вредни изданија за сите генерации.

## ДВЕ ГОДИНИ БЕЗ ФОТЕ НИКОЛА – ГЛАСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА – ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ И БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА




Поминаа две година без Фоте Никола – истакнат македонски активист и борец за правата на Македонците во Албанија.

Фоте Никола се роди на 4-ти март 1946 година во село Шулин, областа на Мала Преспа. Тој беше уредник на програмата на македонски јазик во Радио „Корча“, од самиот нејзин почеток во 1991 година.

Од 2005 до 2014 година, Фоте беше член на комитетот на малцинствата при владата на Република Албанија, застапувајќи го македонското национално малцинство.

Беше автор на повеќе учебници на македонски јазик за македонските ученици во Албанија. Фоте е автор и на книгата “Литературни творци од македонското малцинство во Албанија”, објавена на македонски и албански јазик. Тој исто така беше задолжен за издавањето на преобјавената верзија на речникот албански-македонски на Никола Беровски и пишуваше

бројни статии за положбата, образованието, фолклорот и традициите на Македонците во Албанија.

Беше член на Централниот комитет на партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) и почесен советник на дипломатската мисија за мир и просперитет во Тирана.

Фоте Никола даде голем придонес во унапредување на правата на Македонците во Албанија. Неговата посветеност кон подобрувањето на животот на македонската заедница во Албанија ќе продолжат да живеат во срцата на оние кои го познаваа и сакаа.

**Нека му е вечна славата.**

## НОВИНАРКА ДАНИЕЛА ЗИСИ: ПУСТЕЦ, МЕЃУ УНИШТУВАЊЕТО И ЗАКАНИТЕ ОД БЕГАЛСКИТЕ КАМПОВИ



Познатата албанска новинарка Даниела Зиси посвети посебна објава на социјалната мрежа Фејсбук за документарниот филм „Македонското малцинство во Пустец, наследство од генерација на генерација“, проект реализиран од Центарот Казус, со поддршка на Агенцијата за поддршка на невладиниот сектор.

Во својата реакција, Зиси го оценува документарецот како важно сведоштво за Пустец и неговите природни, културни и човечки богатства, нагласувајќи дека оваа реалност мора да се види и разбере денес, бидејќи утрешниот ден, според неа, не ветува ништо друго освен уништување и заборав.

Новинарката алармира за загрижувачката состојба во Општина Пустец, каде што живее македонското малцинство, кое, покрај бројните проблеми со кои се соочуваат и другите области во земјата, ја започнува годината со два сериозни случувања кои, според неа, се очекува да донесат сериозни последици.

Прво, таа ја споменува новата територијална поделба, која, според дискусиите меѓу експертите и политичарите, не е во прилог на континуитетот на Пустец како општина.

Второ, Зиси се повикува на Одлуката на Советот на министри, донесена кон крајот на декември минатата година, со која Општина Пустец, една од областите со најголем туристички потенцијал на југоистокот од земјата, се претвора во кампови за прием на бегалци.

„Второто веќе е факт; за првото е потребна силна реакција, за да не дозволиме да се случи“, пишува Даниела Зиси, упатувајќи повик за подигање на свеста и за јавна реакција во одбрана на Општина Пустец и на македонското малцинство што живее таму.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај
Лектура: Естела Карамешиноска
Компјутерска обработка: Анита Милевска
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

Македонска народна носија - Гора



Veshje popullore maqedonase - Gorë